**Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на директна единствена контрола од страна на М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД, Република Србија над НПС ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СОВЕТУВАЊЕ И УСЛУГИ ВО ИНФОРМАТИКАТА ДОО, БЕЛГРАД, Република Србија**

**(предмет бр. 08-72 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 04.04.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД со регистрирано седиште на Индустријска 3б, Нови Сад, Србија ќе стекне директна единствена контрола над НПС ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СОВЕТУВАЊЕ И УСЛУГИ ВО ИНФОРМАТИКАТА ДОО, БЕЛГРАД, Република Србија со регистрирано седиште на Булевар Маршал Толбухин 44, 11070, Нов Белград, Србија.

Регистрираната дејност на **М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД** е консултантски услуги во врска со работењето и другите начини на управување. Основната дејност на М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД се состои од: давање на услуги, односно развој на производи, имплементација, технолошки услуги, консултантски услуги и услуги за обезбедување поддршка (софтверски решенија, дигитални трансформации и ИТ консалтинг).

М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД е во сопственост на Сејфор, а.с. (*Seyfor, a.s.*), друштво основано во согласност со законите на Чешка. Сејфор а.с. го има следното поврзано друштво во Република Северна Македонија:

-Друштво за услуги КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7400292, адреса на Св. Кирил и Методиј Бр.3, Скопје - Центар, Република Северна Македонија и регистрирана дејност - Компјутерско програмирање ("Квантокс Технолоџи").

Повеќе информации за М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД системс се достапни на misystemsgroup.com.

**-НПС ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СОВЕТУВАЊЕ И УСЛУГИ ВО ИНФОРМАТИКАТА ДОО, БЕЛГРАД** е друштво со ограничена одговорност од Белград чија деловна активност е компјутерско програмирање. Нивните услуги вклучуваат дизајнирање на нови архитектури на информациски системи, имплементација на омни-канални стратегии, автоматизација на процесите и интегрирање на нови решенија со постојните системи. НПС е дел од Новентик (*Noventiq*)[1] водечки провајдер на решенија и услуги за дигитална трансформација и сајбер безбедност за пазарите во развој.

НПС ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СОВЕТУВАЊЕ И УСЛУГИ ВО ИНФОРМАТИКАТА ДОО, БЕЛГРАД *во Република Северна Македонија остварува приход така што нуди ИТ услуги и решенија, меѓутоа нема присуство во форма на регистрирано поврзано друштво*"

---

1 НПС е во мнозинска сопственост на САГА кој пак е во сопственост на Новентик.

Повеќе информации за НПС ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СОВЕТУВАЊЕ И УСЛУГИ ВО ИНФОРМАТИКАТА ДОО, БЕЛГРАД се достапни на nps.rs.

Релевантен пазар

Предложената трансакција потенцијално би можела да се однесува на пазарот на ИТ услуги.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

09.04.2025 година

Скопје